**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 04 - 302/16
Скопје: 30.12.25

Врз основа на член 45 став( 1), став ( 2) и став (3) од Законот за административни службеници конкуренцијата ( ,,Службен весник на РМ,, бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.208/24 и 16/24), а во врска со член 48 став 4 од Законот за административни службеници (,,Сл.Весник на РМ"бр.27/2014, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16,11/18 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.275/19,14/20215/21, 99/24 и 208/24), генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата, на ден **27.01.20120** година донесе

**О Д Л У К А**

**за вршење на избор на кандидат за административен службеник по јавен оглас**

1. Во врска со објавениот јавен оглас за вработување на административен службеник број 1063/2025 објавен на ден 26.11.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха како и на интернет страната на Агенцијата за администрација за работно место УПР0101В04000 Помлад соработник за остварување на континуиран надзор на континуирана државна помош, Одделение за надзор на државна помош, Сектор за контрола на државната помош, избран е кандидатот Билјана Милчевска со идентификационен код С7Е398Е
2. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука ќе се донесе решение за вработување.
3. Оваа одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

***Образложение***

Во член 45 став 1 од Законот за административни службеници е утврдена постапка за донесување на одлука за избор за вработување на административен службеник врз основа на јавен оглас.

Врз основа на објавениот јавен оглас број 1063/2025 објавен на ден 26.11.2025 година за потреба од вработување на административен службеник во Комисијата за заштита на конкуренцијата, УПР0101В04000 Помлад соработник за остварување на континуиран надзор на континуирана државна помош, Одделение за надзор на државна помош, Сектор за контрола на државната помош, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение број 10-2616/3 од 09.12.2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

донесено од директорот на Агенцијата за администрација, ја спроведе постапката за вработување.

Постапката за селекција за вработување се состои од три фази на административна селекција-Записник од извршена административна селекција број 10-2616/4 од 15.12.2025 година, испит за административен службеник-Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-2616/6 од 25.12.2025 година, проверка на веродостојност на докази и интервју на административен службеник-Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен слежбеник број 10-2616/7 од 26.12.2025 година. Комисијата за селекција подготви конечна ранг листа од сите фази на постапката и до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Предлог за вработување со архивски број од Агенција за администрација 10-2616/8 29.12.2025 година, за вработување на кандидатот Билјана Милчевска, како единствен кандидат за работното место Помлад соработник за остварување на континуиран надзор на континуирана државна помош, Одделение за надзор на државна помош, Сектор за контрола на државната помош.

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници, генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата по разгледување на приложената конечна ранг листа на кандидати и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на оваа одлука

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен при Агенцијата за администрација, во рок од 8 ( осум) дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

**Генерален секретар**
**Каролина Андоновска**

**Доставено до:**

**-Архива**
**-избран кандидат**
**-Агенција за администрација**